

# Анализа
# ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА - НАЈВИСОК ДОХОД ВО 2019

Скопје, 24.12.2020, бр.08-7782/1

Врз основа на податоците за исплатен доход од страна на исплатувачите и за доходот кој граѓаните ги оствариле од други физички лица и од странство, како и за доходот од вршење самостојна дејност кои се оданочуваат според вистински доход и паушално, за календарската 2019 година, Управата за јавни приходи изготви пополнета Годишна даночна пријава, за 802.235 граѓани, со искажан 311.347.898.662,00 денари годишен бруто –доход и 19.890.696.418,00 денари пресметан данок на личен доход.

Од 1 јануари 2019 година, стапи на сила Законот за данокот на личен доход кој го замени Законот за персонален данок на доход и со кој во 2019 година покрај стапката од 10% беше воведена прогресивна даночна стапка од 18% која се применуваше на износот кој ја надминува годишната даночната основа од 1.080.000 денари за доходот остварен од: работа, самостојно вршење на дејност, авторски права и други стварни права како и доходот од продажба на сопствени земјоделски производи. Оттаму за 2019 година, 30.036 граѓани се оданочени со примена на прогресивната даночна стапка и за нив е утврден вкупен данок во износ од 6.631.176.822 денари од кој 1.789.823.499,00 е пресметан со примена на стапка од 18%.

Во однос на 2018 година, во 2019 година имаме зголемување на вкупниот доход за 1.802.135.011,00 денари, зголемување на данокот за 1.384.748.313,00 денари и зголемување на бројката за 5256 даночни обврзници за кои е изготвена ГДП.

Најголем број Годишни даночни пријави се изготвени и доставени за подрачјето на Регионалната дирекција Скопје, односно
- 274.420 годишни даночни пријави во РД Скопје
- 135.672 годишни даночни пријави во во РД Штип
- 114.225 годишни даночни пријави во РД Прилеп
- 107.817 годишни даночни пријави во РД Битола
- 90.714 годишни даночни пријави во РД Тетово и
- 79.387 годишни даночни пријави во РД Струмица.

Граѓаните преку своите кориснички профили имаа можност пополнетата Годишна даночна пријава да ја потврдат или да ја коригираат. По истекот на законскиот рок за потврдување/коригирање на Годишната даночна пријава, автоматски беа потврдени Годишните даночни пријави, кои од страна на граѓанинот не беа ниту потврдени, ниту коригирани.

Во 2019 година, најголемиот број на Годишни даночни пријави добија статус на Автоматски потврдени од страна на УЈП, односно 565.460 ГДП службено беа потврдени, со утврден вкупен годишен бруто-доход од 231.141.533.742,00 денари и вкупен износ данок на личен доход од 14.069.767.034,00 денари.

Граѓаните потврдија 74.034 ГДП со 47.501.169.456,00 денари утврден вкупен годишен бруто-доход и вкупен износ на данок на личен доход од 3.649.716.333,00 денари.

Коригирани се 3.597 ГДП за 2019 година, што е помал број во однос на 2018 година кога беа приближно двојно повеќе. Во коригираните пријави искажан е вкупен годишен бруто-доход од 4.521.019.598,00 денари и вкупен износ на данок на личен доход од 466.576.728,00 денари.

| **Поднесени ГДП 2019** | **802.235** |
|---|---|
| Утврден бруто доход во поднесени ГДП | 311.347.898.663,00 |
| Утврден данок на доход во поднесени ГДП | 19.980.263.091,00 |
| За доплата данок на доход | 411.607.461,00 |
| Повеќе платен данок | 102.299.379,00 |
| Вкупно решенија по ГДП (службено потврдени) | 565462 |
| Вкупно бруто доход по ГДП | 231.142.969.860,00 |
| Вкупно данок на доход | 14.069.862.440,00 |
| За доплата данок на доход | 247.849.771,00 |
| Вкупно потврдени ГДП од обврзници | 74032 |
| Вкупно бруто доход по потврдени ГДП | 47.499.845.585,00 |
| Вкупно данок на доход по потврдени ГДП | 3.649.631.052,00 |
| За доплата данок на доход по потврдени ГДП | 59.045.418,00 |
| Вкупно ГДП хартиени | 159267 |
| Вкупно бруто доход по хартиени ГДП | 28.258.674.198,00 |
| Вкупно данок на доход по хартиени ГДП | 1.802.070.397,00 |
| За доплата данок на доход по хартиени ГДП (предвидена) | 51.208.961,00 |
| Вкупно коригирани ГДП | 3597 |
| Вкупно бруто доход по коригирани ГДП | 4.523.212.937,00 |
| Вкупно данок на доход по коригирани ГДП | 467.179.845,00 |
| За доплата данок на доход по коригирани ГДП | 53.493.534,00 |
| Датум на креирање - 21.12.2020 | |

Иако општите бројки се зголемени, треба да се напомене дека на индивидуално ниво износот на доход кај највисокорангираните граѓани, не ги достигнаа износите на доход остварен во 2018 година која беше рекордна во однос на последниве 10 години.

| Прагови на остварени приходи | Број на даночни обврзници (2019) | Вкупен бруто доход (2019) |
|---|---|---|
| Над 100. 000.000 денари | 6 | 878.568.211,00 |
| од 10 000 001 - 100 000 000 денари | 426 | 8.359.200.524,00 |
| од 1 000 001 - 10 000 000 денари | 35363 | 61.622.919.573,00 |
| од 100 001 - 1 000 000 денари | 638210 | 236.112.895.392,00 |
| од 10 001 - 100 000 денари | 88684 | 4.223.525.763,00 |
| до 10 000 денари | 39546 | 150.789.199,00 |

За 35.363 граѓани утврдене бруто-доход над 1 милион денари, додека најголемиот број на граѓани (638.210 лица) оствариле бруто-доход кои се движи во прагот од 100 илјади до 1 милион денари. Во однос на 2018 година имаме намалувања во врвните прагови, кога имавме дури 31 граѓанин кои оствариле над 100 милиони денари и двојно повеќе во прагот од 10 до 100 милони денари.

# БИТОЛЧАНЕЦ НА ВРВОТ НА ЛИСТАТА НА НАЈВИСОК ГОДИШЕН ДОХОД ЗА 2019 ГОДИНА

| РБ | Град | Вкупно бруто доход |
|---|---|---|
| 1 | БИТОЛА | 211.360.619,00 |
| 2 | СКОПЈЕ | 172.166.358,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 139.602.154,00 |
| 4 | ТЕТОВО | 138.938.218,00 |
| 5 | СТРУГА | 115.804.638,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 100.696.224,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 94.719.203,00 |
| 8 | СКОПЈЕ | 91.994.113,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 89.019.404,00 |
| 10 | СКОПЈЕ | 82.854.530,00 |

Скопјани доминираат во листата на граѓани со највисок доход, но првото место за 2019 година за остварен највисок годишен бруто - доход во Република Северна Македонија припадна на граѓанин на Битола, кој пријавил 211.360.619,00 денари годишен бруто - доход.

Граѓанинка од Скопје е втора на листата со остварен годишен бруто-доход од 172.166.358,00 денари.

Во споредба со 2018 година, кога највисокиот остварен доход беше 1.056.992.055 денари, има значајно намалување, така што прворангираниот во 2019 година, кога би се нашол на таа листа, би бил 9-то рангиран.

# ИНДУСТРИЈА СО МЕТАЛИ, ЗДРАВСТВО И АПТЕКИ СО НАЈВИСОКИ ПЛАТИ ВО 2019 ГОДИНА

| РБ | Град | Годишна бруто плата од работен однос | Град | Дополнителни примања |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СТРУГА | 114.854.796,00 | СКОПЈЕ | 48.511.454,00 |
| 2 | СКОПЈЕ | 89.007.574,00 | СКОПЈЕ | 33.331.897,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 59.876.675,00 | СКОПЈЕ | 29.618.685,00 |
| 4 | СКОПЈЕ | 41.142.674,00 | СКОПЈЕ | 21.857.654,00 |
| 5 | СКОПЈЕ | 39.989.908,00 | СТРУМИЦА | 16.284.965,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 39.530.135,00 | СКОПЈЕ | 15.443.363,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 32.435.494,00 | СКОПЈЕ | 13.633.856,00 |
| 8 | СКОПЈЕ | 30.487.955,00 | БОГДАНЦИ | 13.464.086,00 |
| 9 | ТЕТОВО | 28.848.420,00 | СКОПЈЕ | 13.421.654,00 |
| 10 | ТЕТОВО | 27.537.363,00 | СКОПЈЕ | 12.339.604,00 |

Највисоката годишна бруто плата во 2019 година исплатена е на граѓанин од Струга. Платата е остварена во индустријата со метали и изнесува 114.854.796,00 денари. На листата на највисоко рангирани бруто плати се најдоа и платите исплатени во секторот здравство, аптеки, образование, комбинирани канцелариски и административни услужни дејности и производство на горна облека.

Највисокото лично примање по друг основ изнесува 48.511.454,00 денари на годишно ниво за повремено или привремено извршени услуги кон градежна компанија.

| РБ | Град | Дивиденди и други приходи од учество во добивката | Град | Капитална добивка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | БИТОЛА | 210.411.765,00 | СКОПЈЕ | 88.352.113,00 |
| 2 | СКОПЈЕ | 88.336.453,00 | БИТОЛА | 44.522.487,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 84.437.951,00 | НОВО СЕЛО | 35.635.933,00 |
| 4 | СТРУМИЦА | 69.741.817,00 | ОХРИД | 29.197.121,00 |
| 5 | ВИНИЦА | 66.973.729,00 | ВАЛАНДОВО | 22.000.000,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 65.927.966,00 | СТРУМИЦА | 21.146.656,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 61.895.748,00 | СКОПЈЕ | 18.125.220,00 |
| 8 | БИТОЛА | 54.716.355,00 | КУМАНОВО | 14.559.312,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 50.652.591,00 | СКОПЈЕ | 12.352.665,00 |
| 10 | СКОПЈЕ | 49.095.529,00 | СКОПЈЕ | 11.878.630,00 |

# КАПИТАЛОТ ВО 2019 ГОДИНА

Највисоката капитална добивка 88.352.113 денари остварена е од граѓанин на Скопје од продажба на сопственички удел од странска компанија, додека највисоката исплатена дивиденда е во износ од 210.411.765,00 денари и исплатена е на граѓанин на Битола кој е сопственик на бизнис кој припаѓа на дејностите во градежништвото.

| РБ | Град | Доход од самостојно вршење на дејност | Град | Доход од продажба на земјоделски производи |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 44.065.522,00 | СКОПЈЕ | 32.345.815,00 |
| 2 | СКОПЈЕ | 23.487.199,00 | ГЕВГЕЛИЈА | 11.694.817,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 19.069.342,00 | КОЧАНИ | 7.773.313,00 |
| 4 | СКОПЈЕ | 16.637.342,00 | ТЕТОВО | 7.234.495,00 |
| 5 | ШТИП | 14.226.197,00 | СКОПЈЕ | 6.131.080,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 14.220.591,00 | СКОПЈЕ | 5.717.340,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 12.490.887,00 | КУМАНОВО | 5.098.056,00 |
| 8 | СКОПЈЕ | 12.341.978,00 | ВЕЛЕС | 5.013.344,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 12.129.560,00 | СТРУМИЦА | 4.459.291,00 |
| 10 | СВЕТИ НИКОЛЕ | 11.770.551,00 | НЕГОТИНО | 4.372.222,00 |

# СКОПЈАНИ НА ЛИСТАТА НА НАЈВИСОК ДОХОД ОД САМОСТОЈНОТО ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

Самостојното вршење на дејност и во 2019 најпрофитно за Скопјани, кои доминираат на листата со доход по овој основ, од кој највисокиот изнесува 44.065.522,00 денари. Во 10-те топ рангирани на листата се наоѓаат адвокати, нотари, извршители и угостители. Земјоделието најисплатливо во Скопскиот регион, каде граѓанин од скопско остварил доход од продажба на сопствени земјоделски производи во износ од 32.345.815,00 денари, а Гевгеличанец остварил 11.694.817 денари доход по овој основ

| РБ | Град | Доход од закуп и подзакуп | Град | Доход од авторски права и други стварни права | Град | Доход од права на индустриска сопственост |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 59.956.296,00 | СКОПЈЕ | 20.565.060,00 | КУМАНОВО | 4.161.850,00 |
| 2 | КУМАНОВО | 43.283.259,00 | СКОПЈЕ | 13.411.896,00 | КРИВА ПАЛАНКА | 2.700.000,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 40.114.613,00 | СКОПЈЕ | 8.514.699,00 | ГОСТИВАР | 2.454.525,00 |
| 4 | СКОПЈЕ | 17.841.992,00 | ОХРИД | 7.000.000,00 | ГОСТИВАР | 2.454.525,00 |
| 5 | ВЕЛЕС | 15.338.238,00 | ОХРИД | 7.000.000,00 | СКОПЈЕ | 1.702.520,00 |
| 6 | ПРИЛЕП | 15.030.201,00 | СКОПЈЕ | 6.752.018,00 | ОХРИД | 1.246.242,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 14.638.315,00 | СКОПЈЕ | 5.108.502,00 | СКОПЈЕ | 853.176,00 |
| 8 | СКОПЈЕ | 13.639.043,00 | СКОПЈЕ | 5.081.618,00 | СКОПЈЕ | 564.708,00 |
| 9 | ДЕБАР | 12.860.466,00 | ВЕЛЕС | 4.860.000,00 | СКОПЈЕ | 564.708,00 |
| 10 | СКОПЈЕ | 12.260.499,00 | СКОПЈЕ | 4.825.674,00 | СКОПЈЕ | 564.708,00 |

# ЗАКУПНИНИ, АВТОРСКИ ПРАВА И ПРАВА ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

Во 2019 година прворангираниот според вкупно остварен бруто доход од закуп и подзакуп на имот (издавање на земјиште, станови и деловни простории, превозни средства и друг вид на имот) е обврзник од Тетово, кој пријавил 84.039.667 милиони денари. Прворангиран според остварен вкупно бруто доход од авторски права и други стварни права е обврзник од Скопје, со 22.612.966 денари, додека Кумановец остварил бруто доход од 4.161.850 денари од права од индустриска сопственост.

## ЖИТЕЛКА НА СКОПЈЕ Е НАЈСРЕЌНА ВО 2019

Највисоката добивка од лото, обложување, казино и учество во наградни игри, односно пријавен вкупен бруто доход од игри на среќа е жителка на Скопје кој само по овој основ остварила 29.293.930,00 денари.

| РБ | Град | Игри на среќа |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 29.293.930,00 |
| 2 | СКОПЈЕ | 26.419.303,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 24.233.325,00 |
| 4 | ТЕТОВО | 22.285.194,00 |
| 5 | СТРУМИЦА | 19.401.063,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 17.480.044,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 17.238.243,00 |
| 8 | БИТОЛА | 16.677.380,00 |
| 9 | ШТИП | 16.598.103,00 |
| 10 | ТЕТОВО | 15.132.179,00 |

## ШТИПЈАНЕЦ СО НАЈВИСОКА ПЕНЗИЈА

Прворангираниот пензинер е од Штип чија бруто пензија изнесува 8.064.865,00 денари

| РБ | Град | Пензија |
|---|---|---|
| 1 | ШТИП | 8.064.865,00 |
| 2 | СКОПЈЕ-ЦЕНТАР | 5.762.414,00 |
| 3 | БАРДОВЦИ | 2.765.513,00 |
| 4 | СКОПЈЕ - ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 1.839.940,00 |
| 5 | СКОПЈЕ-ЦЕНТАР | 1.424.770,00 |
| 6 | СКОПЈЕ-Г. БАБА | 1.421.802,00 |
| 7 | СКОПЈЕ-К. ВОДА | 1.277.648,00 |
| 8 | СКОПЈЕ-К. ВОДА | 1.053.292,00 |
| 9 | БИТОЛА | 953.514,00 |
| 10 | СКОПЈЕ-ЦЕНТАР | 768.417,00 |

## ДОХОД ОД ОСИГУРУВАЊЕ

Прворангираниот осигуреник по основ на уплатени премии и исплатена осигурана сума остварил доход од 7.835.927 денари

| РБ | Град | Доход од осигурување |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 7.835.927,00 |
| 2 | СКОПЈЕ | 4.180.411,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 3.205.064,00 |
| 4 | СКОПЈЕ | 2.999.769,00 |
| 5 | СКОПЈЕ | 2.449.161,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 2.400.000,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 2.381.170,00 |
| 8 | СКОПЈЕ | 2.285.136,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 2.031.283,00 |
| 10 | ТЕТОВО | 1.828.371,00 |

## ДРУГ ДОХОД

Оваа категорија вклучува доход од различни извори како што е доходот кој не е конкретно опишан во законот за данокот на личен доход и не е изземен од оданочување, доходот остварен од продажба на корисен цврст отпад, доходот остварен со електронска трговија преку интернет, доходот од маркетиншки интернет услуги, износот на неискористената финансиска помош, износот на неискористените донирани финансиски, како и кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди), кои не се на трошок на платата на одговорното лице.

| РБ | Град | Друг доход |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 7.835.927,00 |
| 2 | СКОПЈЕ | 4.180.411,00 |
| 3 | СКОПЈЕ | 3.205.064,00 |
| 4 | СКОПЈЕ | 2.999.769,00 |
| 5 | СКОПЈЕ | 2.449.161,00 |
| 6 | СКОПЈЕ | 2.400.000,00 |
| 7 | СКОПЈЕ | 2.381.170,00 |
| 8 | СКОПЈЕ | 2.285.136,00 |
| 9 | СКОПЈЕ | 2.031.283,00 |
| 10 | ТЕТОВО | 1.828.371,00 |

Во оваа категорија прворангираниот е од Скопје со износ 167.595.958,00 денари и овој доход преставува кусок кој не е предизвикан од вонредни настани и кој не е на трошок на платата на одговорното лице

Второрангиран е граѓанин од Тетово кој доброволно го пријавил својот доход во износ од 138.938.218,00 денари кој е исплатен од компании кои работат со мрежни социјални и видео платформи.

## НАЈМЛАД И НАЈВОЗРАСЕН МИЛИОНЕР

Највозрасното лице кое остварило над еден милион денари приход било на возраст од 101 година, додека во групата над 10.000.000 милиони денари највозрасниот има 86 години.

Лице кое се родило во 2013 година е најмладиот милионер во 2019 година и истото остварило доход од закупнина над 1.000.000 денари.